АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-12357/22
28.12.2020 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 100 -та редовна седница одржана на ден 28.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Дополнителни услови за колективно осигурување на вработени во јавни претпријатија и друштва кои вршат дејност од јавен интерес од последици на несреќен случај (незгода)**

(2) Се вршат измени и дополнувања на Дополнителните услови за колективно осигурување членови на вработени во јавни претпријатија и друштва кои вршат дејност од јавен интерес од последици на несреќен случај (незгода), и тоа:

4. **Во членот 5,** во ставот (2), зборот „покрај осигурените" се заменува со зборовите „може да се договорат осигурени" , а делот од реченицата по затворената заграда се брише;

5. **Во членот 6:**
   **5.1. Ставовите (1), (2) и (3)** во целост се бришат;
   **5.2. Броевите на ставовите** 4, 5 ,6 и 7 редоследно се заменуваат со броевите 1, 2, 3 и 4;
   **5.3. Во ставот (6),** зборовите „осигурената сума за смрт од болест договорена во полисата" се заменуваат со зборовите " „осигурените суми за овие ризици";
   **5.4. Се додава нов став (5)** со следниот текст и содржина: „ За работниците, кои во рамки на тековната година на осигурување имале статус на осигуреници пократок временски период во смисла на член 4 став 3 од овие Дополнителни услови, обврската на осигурувачот се намалува сразмерно на времетраењето на осигурувањето, односно осигурувачот ке исплати само толку 12 (дванаесеттини) од осигурената сума колку што месеци траел работниот однос на осигуреникот."

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Дополнителните услови за колективно осигурување членови на вработени во јавни претпријатија и друштва кои вршат дејност од јавен интере од последици на несреќен случај (незгода).

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 01.01.2021 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*м-р Марија Томеска*

Акционерско друштво за осигурување eurolink 1 Скопје